Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 октомври 2023 година**

**Скопје, октомври 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 октомври 2023 година**

Седницата започна во 14:25 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Миле Трајковски, посебен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за долговите на јавните комунални претпријатија кон државните институции, согласно позитивната законска регулатива, со прилози

2. Информација за напредокот на работата на Работната група за подготовка на соодветен План за реструктурирање и реорганизација на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, со прилози

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за долговите на јавните комунални претпријатија кон државните институции, согласно позитивната законска регулатива, со прилози, како материјал за информирање.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на работата на Работната група за подготовка на соодветен План за реструктурирање и реорганизација на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, со прилози, ја усвои и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 14 дена да подготви и до Владата да достави и презентира план за централизиран модел за реструктурирање и реорганизација на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во кој ќе бидат содржани временски, кадровски и процесни аспекти како дел од стратегијата за имплементација како и кој ќе го реализира истиот.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**